SYMPOSION

П О К А Н А

ЗА УЧЕСТВО НА ЕДНОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА:

„ДОБРА РЕГУЛАТИВА, ОБУЧЕНИ ЛИЦА, А СЛАБОСТИ ВО ПРАКТИКАТА – КАДЕ ГРЕШИМЕ“

(15 септември – на отворено, во Винарија „Тиквеш“ – Кавадарци)

ПОТРЕБАТА ОД ВАКВА РАБОТИЛНИЦА

Кога се јавуваат слабости и пропусти во професионалната практика на одредена струка, откако ќе се доуреди регулативата и ќе се вработат компетентни лица, потребно е да се работи на постојано стручно усовршување и доедукација на стручните тимови и на нивно квалитетно вмрежување со релевантните институции што ја регулираат и насочуваат практиката, како и со колегите од други институции заради развивање нови перспективи и стекнување нови искуства.

Како што укажува насловот на претстојната работилница во областа на јавните набавки што ја организира Симпозион, овде си задаваме цел да ја преиспитаме практиката во секоја фаза од спроведувањето на постапките за јавни набавки, која во изминатиот период покажува дека сè уште постојат низа слабости, и покрај тоа што со воведувањето на новиот ЗАКОН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ во април 2019 година се постигна значително подобрување на законската регулатива во областа на јавните набавки и постапките ги спроведуваат исклучиво обучени лица. Според тоа, со овој едукативен настан имаме намера да ги таргетираме и елиминираме токму тие слабости, пренесувајќи нови и важни увиди, упатства и искуства. Сметаме дека е вистински момент преку тематска работа и дискусија да разгледаме и да дадеме одговор за тоа „каде грешиме“ во практиката.

ШТО ЌЕ ОПФАТИ РАБОТИЛНИЦАТА?

Агендата на претстојната работилница ќе опфати богат и значаен циклус од теми и содржини што ги адресираат тековните проблеми и пропусти во најновата практика на постапките за јавни набавки.

- Кои се најчести грешки во тендерската документација и дали да се поништи постапката или да се измени тендерската документација
- Како да се одредат критериумите за утврдување способност
- Кога да избереме најниска цена, а кога најдобар однос помеѓу цената и квалитетот
- Како да се евалуираат подизведувачите и поддршката на способноста од друг субјект
- Кои се критични точки во постапката за преглед и евалуација на понудите
- Дали треба да се користи е-аукција
- Кои се новите антикорупциски алатки на ЕСЈН и кое е нивното значење
- Воведување на Електронски пазар за набавките од мала вредност
- Зошто договорите за јавни набавки треба да се следат
- Можности за измена на договорите во услови на пандемија со КОВИД-19
- Кога може да се пристапи кон раскинување на договорот

Друштво за едукација, консалтинг и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
e-mail: info@simpozion.mk
тел.: 078 271 576
www.simpozion.mk

SYMPOSION

За кого е наменета работилницата?

Работилницата е наменета за **договорни органи** (одговорно лице, лица за јавни набавки, членови на комисии за јавни набавки, надворешни стручни лица кои ѝ помагаат на комисијата при евалуацијата), **економски оператори** (управители, лица кои ги подготвуваат понудите), лица од академската заедница кои ги изучуваат јавните набавки, студенти кои ги изучуваат јавните набавки, невладиниот сектор, кој будно ја следи состојбата во важните домени на нашата држава, и сите лица чие работење е во допир со јавните набавки.

Како ќе се спроведе оваа работилница?

На високо интерактивно ниво, со примери од практиката, прашања, одговори, студии на случај, дискусии. Добредојдени се сите конкретни сугестии околу темите и моментите што го отежнуваат и создаваат проблеми во секојдневното работење на стручните лица за јавни набавки.

Напомена: Работилницата ќе се одржи на отворено, во соодветни услови за здравствена безбедност, согласно важечкиот Протокол за организација на семинари и настани, пропишан од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Кои се предавачите што ќе ја водат работилницата?

Работилницата ќе биде водена и предвидените содржини ќе бидат изложени од страна на еминентни претставници од Бирото за јавни набавки. Предавачите се експерти со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, директни учесници во процесот на изработка на предметната законска регулатива и на подзаконските акти од областа на јавните набавки, автори и коавтори на повеќе важни и широко применети книги, прирачници и брошури од областа на јавните набавки.

М-р Рита Глигоријевска – Раководител на Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи во Бирото за јавни набавки, со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, концесиите и јавно-приватното партнерство. Задолжена за следење на примената на законската и подзаконската регулатива за јавни набавки и предлагач на измени и дополнувања на истите.

М-р Марија Јовановска – Раководител на Секторот за следење на системот за јавни набавки и управување со ЕСЈН во Бирото за јавни набавки, со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, особена експериза во областа на електронските јавни набавки, електронските алатки, е-пазар и каталози. Сертифициран обучувач на ЕУ/УНДП/ЦИПС.

М-р Александар Аргировски – државен советник во Бирото за јавни набавки, со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, концесиите и јавно-приватното партнерство.

SYMPOSION

Износ и опфат на котизацијата за учество

Котизацијата за учество на работилницата изнесува **7.900,00 денари** + ДДВ и вклучува:

- Примерок од книгата „Практичен водич низ јавните набавки“, во авторство на Рита Глигоријевска, Марија Јованоска, Александар Аргировски и Горан Давидовски
- Работни материјали од работилницата
- Сертификат за учество на работилницата
- Винска тура; прошетка низ визбите со водич (повеќе информации во Агендата)
- Ручек со дегустација на вина
- Освежување, кафе и вода на паузите
- Континуирана директна комуникација со предавачите.

Како да се пријавите за учество на работилницата?

Пријавувањето за учество на работилницата се врши најдоцна до **13 септември 2021 (понеделник)** со пополнување и испраќање на »**пријавниот лист**« на следната електронска пошта: info@simpozion.mk. За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, Ве молиме слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната имејл адреса.

Дополнителни информации за книгата

Книгата „Практичен водич низ јавните набавки“ (Глигоријевска, Јованоска, Аргировски, Давидовски), која претставува дел од пакетот на овој едукативен настан, изобилува со квалитетни и корисни информации за јавните набавки.

Водичот е напишан на едноставен јазик, со цел да даде јасен приказ на правилата и на најдобрите практики поврзани со различните фази од процесот на набавка, и тоа: од планирање, изработка на тендерска документација и техничка спецификација, евалуација и избор на најповолна понуда, доделување договор за јавна набавка, сè до фазата на управување со договорот. Тој содржи коментари и препораки за примена на одредбите од законот, одговори на прашањата и дилемите со кои договорни органи и економски оператори се сретнале во досегашната практика, детални инструкции за користење на Електронскиот систем за јавни набавки, со слики и упатства кои се лесно читливи и кои може да им користат и на почетниците во оваа област.

Винска тура: Визби на вино, храна и знаење

По стручниот едукативен дел, како важен елемент од агендата, ќе биде организирана екстензивна прошетка низ визбите, производствениот оддел и депоата на винаријата „Тиквеш“, на која вински водич ќе ја претстави историјата на винаријата, потеклото на грозјето, начинот на производство, чување и созревање на познатите вина од различните традиционални, класични и специјални вински програми на Тиквеш, богатата винска архива на винаријата, како и основите на квалитетното консумирање и уживање во виното. Винските визби на „Тиквеш“ и летната тераса ја прават оваа една од ретките регионални винарии што нудат огромна разновидност за посетителите. Прочитајте повеќе за винската тура и ручекот во Агендата.

SYMPOSION

ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје

Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16

Сметка бр.: 210071635330103

НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

ДБ за ДДВ: МК4080016561868

Контакт тел.: 078 271 576